**Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе**

**,,Отворена порта"**

**тел:+389 2 2700107 email:** lastrada@lastrada.org.mk www.lastrada.org.mk

# Услови за ангажирање на ТИМ НА ОБУЧУВАЧИ за спроведување на обука и менторска програма за МЛАДИНСКИ ЛОКАЛНИ КАМПАЊИ

Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена порта / Ла Страда ќе спроведе 5 дневен Младински Камп, кој е наменет за 12те тимови на млади чии што предлози за локални младински кампањи се избрани на конкурсот „Повик за Локални Младински кампањи''.На младинскиот камп ќе земат учество 40 млади од цела Македонија.

Целта на Младинскиот Камп е учесниците да се стекнат со проширени знаења за трговија со луѓе и воедно да ги развијат своите капацитети и знаења за подготовка и спроведување на успешни младински локални кампањи. По спроведувањето на Младинскиот Камп ќе следи периодот на менторство (26.02-08.03.2019) во кој што период тимот на обучувачи ќе работи со младите на нивно финализирање на локалните младински кампањи. По доставувањето на финалните производи до организацијата 12 тимови ќе започнат со релаизација на нивните кампањи на локално ниво.

Цел на услугите на тимот на обучувачи:
Зајакнување на капацитетите на учесниците за изработка и спроведување на младинска локална кампања и помош и подршка во процесот на финализирање на младинска локална кампања .

Опсег на работа и клучни задачи
Бараме искусен, професионален тим на обучувачи за следниве главни задачи:

- Да се развие детална програма и методологија за испорака на 2 дена ( 23 и24 февруари) од 5 дневниот Младински Камп за изработка и спроведување на младинска локална кампања. Програмата треба да содржи интерактивен пристап кон учесниците.
- Да ја споделат методологијата, програмата и сите придружни материјали со организаторите 5 дена пред реализацијата на активноста. Организаторот го задржуваат правото да направи промени во предлогот.
- Да одржи ефикасени два дена ( 23 и24 февруари 2019) од Младински Камп за избраните учесници.
- Да изготви извештај за Младинскиот Камп и да го сподели со организаторите не подоцна од 08.03.2019. Извештајот треба да биде напишан на англиски јазик, според следнава

структура: Контекст на активноста; Цели; Учесници; Методологија; Евалуација; Заклучок и препорака;
- Во периодот од 26.02-08.03.2019 тимот на обучувачи треба да работи во тесна соработка со 12 тимови и да ги помогне и поддржи во процесот на развивање на финалните младински локални кампањи кои што треба да се достават до Отворена Порта најдоцна до 08.03.2019.

Младинскиот Камп треба да ги вклучува следниве компоненти:
- Дефинирање на кампања и стратегија за спроведување
- Комуникациски канали и алатки  за промовирање на младинска кампања,
- Примери за успешни младински локални кампањи
- Развивање на акциски и финансиски план на спроведување на младинските локални камапњи

Периодот на менторство треба да ги вклучува следниве компоненти:
- Да работи во тесна соработка со 12 тимови ;
- Да ги помогне и поддржи во процесот на развиање на финалните младински локални кампањи

## Квалификации
Кандидатите со следното искуство се добредојдени да аплицираат:

- Најмалку универзитетска диплома по психологија, социјална работа и други сродни области.
- Најмалку 5 години професионално искуство.
- Најмалку 3 години искуство во спроведување на обуки .

## Испораки
Обучувачот/тим на обучувачи треба да го обезбеди следново:

**Прв сет на испораки кои треба да се достават една недела пред почетокот на кампот (Фаза 1):**
- Методологија и програма за кампот и менторските сесии по кампот;
- Работен материјали за учесниците, презентации, вежби, активности ;
- Прашалник за собирање повратни информации од учесниците во однос на кампот.

**Втор сет на резултати (фаза 2):**
- Испорака на два дена ( 23 и24 февруари) од младински камп ;
- Извештај од реализираните два дена ( 23 и24 февруари) од младински камп.

**Трет сет на резултати:**
- Индивидуални менторски сесии со 12 те тимови во периодот од 26.02-08.03.2019.
- Доставување на 12те локални младински кампањи до Отворена Порта најдоцна до 08.03.2019  во соработка со младинските тимови.

Сите документи треба да бидат обезбедени во електронска форма.

## Проценетите трошоци
Обучувачите/Тимот на обучувачи ќе бидат избрани врз основа на пристапот "најдобра вредност за парите". Таа / тој ќе се плаќа по успешното завршување на задачите / доставувањето на испораките преку банкарски трансфер.

Отворена порта го задржува правото да го задржи целиот или дел од плаќањето, ако работата е незадоволителна, ако работата / резултатите се нецелосни, не се испорачани или не се исполнети роковите.

## Како да аплицираш

Сите заинтересирани обучувачи треба да доставaт кратка биографија, нацрт план на обуката и очекуван буџет на: stojne@lastrada.org.mk до: 13 февруари 2019 , 17: 00 часот. CET.
Заинтересираните можат да аплицираат поединечно или во тим.

Отворена Порта обезбедува еднакви можности и фер и правичен третман при вработување/ангажирање на сите луѓе без оглед на раса, религија, пол, националност, возраст, политичка припадност, брачен статус или сексуална ориентација.